# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

21 септември 2006 | Излегува по потреба | број 5



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба („Службен гласник на Општина Гази Баба„ бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба - Скопје за 2006 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба –Скопје за 2006 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.09.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

Број 08–3669/1
од 21.09.2006 год.
С К О П Ј Е

Градоначалник,
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Коце Трајановски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.5/02) и член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („ Службен весник на РМ„ бр.61/04) Советот на Општината Гази Баба на петнаесеттата седница , одржана на 15.09. 2006 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на**
**Буџетот на Општина**
**Гази Баба - Скопје за 2006 година**

**ЧЛЕН 1**

Во Буџетот на Општината Гази Баба за 2006 година, се врши измена и дополна во колоната Буџет.
Во билансот на приходи:
на потставката 741114 износот „0„ се заменува со износот 24.297.600.–
Во колоната Приходи од самофинансирачки активности:
на потставката 741118 износот „25.000.000„ се заменува со износот 26.200.000.–

**ЧЛЕН 2**

Во потпрограмата Д0 – Градоначалник ,се врши следната измена и дополна:
на потставката 421320 износот 500.000.– се заменува со износот 800.000.–
на потставката 421410 износот 300.000.– се заменува со износот 400.000.–
на потставката 425920 износот „0„ се заменува со износот 640.000.–
на потставката 426990 износот 300.000.– се заменува со износот 400.000.–

**ЧЛЕН 3**

Во Потпрограмата Е0– Општинска администрација , се врши следната измена и дополна:
на потставката 421320 износот 1.000.000 се заменува со износот 1.500.000.–
на потставката 423110 износот од 500.000.– се заменува со износот 800.000.–
на потставката 423990 износот од 100.000.– се заменува со износот 200.000.–
на потставката 424230 износот од 100.000.– се заменува со износот од 400.000.–
на потставката 425920 износот од 270.000.– се заменува со износот од 370.000.–
на потставката 426120 износот од 100.000.– се заменува со износот од 300.000.–
на потставката 442170 износот од 1.200.000 се заменува со износот 0
на потставката 463110 износот од 280.000.– се заменува со износот од 480.000.–

**ЧЛЕН 4**

Во потпрограмата ЕА–Капитални трошоци на општината се вршат следните измени:
на потставката 483240 износот од 400.000.– се заменува со износот од 600.000.–

**ЧЛЕН 5**

Во потпрохрамата Ф1 – Урбанистичко планирање се вршат следните измени:
на потставката 425640 износот од 14.500.000.– се заменува со износот 11.500.000.–.

**ЧЛЕН 6**

Во потпрограмата ФА– Уредување на градежно земјиште
(капитални трошоци) се вршат следните измени:
на потставката 482120 износот 17.000.000.– се заменува со износот 19.000.000.– .
на потставката 482720 износот од 5.700.000.– се заменува со износот од 10.700.000.–
на потставката 482910 износот од 5.000.000.– се заменува со износот од 1.557.600.–

**ЧЛЕН 7**

Во потпрограмата Ј3 – Јавно осветлување се вршат следните измени:
на потставката 421110 износот од 6.000.000.– се заменува со износот од 11.000.000.–
на потставката 424390 износот од 3.800.000.– се заменува со износот 8.800.000.–

**ЧЛЕН 8**

Во потпрограмата Ј6 – Одржување на локални патишта,улици се вршат следните измени:
на потставката 424320 износот од 3.444.000.– се заменува со износот од 4.444.000.–

**ЧЛЕН 9**

Во потпрограмата ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици се вршат следните измени ;
на потставката 482120 износот од 8.610.000.– се заменува со износот од 14.610.000.–
на потставката 482130 износот од 5.166.000.– се заменува со износот 8.166.000.–

**ЧЛЕН 10**

Се отвора нова потпрограма К4– Културни манифестации и творештво:
на потставката 442170 износот 0 се заменува со износот 1.200.000.–

**ЧЛЕН 11**

Во потпрограмата Н1 – Основно образование во колоната буџет се вршат следните измени:
на потставката 464990 износот 0 се заменува со износот 700.000.–

**ЧЛЕН 12**

Во потпрограмата Н1 – Основно образование во колоната самофинансирачки активности се вршат следните измени:
на потставката 425990 износот 1.800.000.– се заменува со износот 3.000.000.–

**ЧЛЕН 13**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

бр.07–3446/3
од 15.09 . 2006 год.
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Кире Бузлиев, ср

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба („Службен гласник на Општина Гази Баба„ бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за локалитет „Керамидница„, Урбан блок „1„ -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за локалитет „Керамидница„, Урбан блок „1„ –Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.09.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

Број 08–3669/2
од 21.09.2006 год.
С К О П Ј Е

Градоначалник,
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Коце Трајановски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.51/05), Советот на Општината Гази Баба на Петнаесеттата седница одржана на 15.09.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Детален урбанистички план**
**за локалитет „Керамидница„,**
**Урбан блок „1„ -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за локалитет 'Керамидница„, Урбан блок „1„ –Скопје.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 12,99 ха со следните граници:

Од Север: – границата оди по Бул.„АСНОМ„ во должина од 140 м.

Од Запад и северо–запад: – железничка пруга Скопје–Куманово

Од Југ и југо–запад: – река Вардар

Од Исток: – оди по осовина на ул.„515„ во должина од 252 м' и улица „516„ во должина од 164 м', ул.„103„ до раскрсница со „Кеј Димитар Влахов„ и продолжува на пешачкиот мост преку реката Вардар.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со Т.бр.2079/02 изготвен од АД за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ЗУМ„ –Скопје, содржи:

– ПЛАНИРАН РАЗВОЈ
ВОВЕД

ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ГРАНИЦИ НА УРБАНИОТ ОПФАТ
2. ИЗВОД ОД ГУП
3. ПОДЕЛБА И НУМЕРАЦИЈА НА УРБАНИ МОДУЛИ
4. НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО
5. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО УРБАНИ МОДУЛИ
6. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
7. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАТСТУКТУРА
8. ЕЛЕКТРО–ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ
9. ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
10.ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. ИЗВОД ОД ГУП –СКОПЈЕ (2002) 1 : 5000

2. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ 1 : 1000
ПАРЦЕЛАЦИЈА И НУМЕРАЦИЈА НА УРБАНИ МОДУЛИ
И ПАРЦЕЛИ, ПОВРШИНА ЗА ИЗГРАДБА, НАМЕНА НА
ЗЕМЈИШТЕТО, ВИСИНСКИ ПЛАН, ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА,
ТРАФОСТАНИЦИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

3. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН 1 : 1000

4. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА 1 : 1000
ВОДОВОД
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Текстуален дел
ВОВЕД

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
1. МЕСТОПОЛОЖБА НА ЛОКАЛИТЕТОТ
2. ГРАНИЦА НА УРБАНИОТ ОПФАТ
3. ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ
4. АНАЛИЗА НА ПРОСТОРНАТА КОНЦЕПЦИЈА ПО УРБАНИ МОДУЛИ СО ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ
5. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
7. ЕЛЕКТРО–ЕНЕРГЕТИКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ
8. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА ЗА ЦЕЛИОТ ОПФАТ

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ГРАДЕЖЕН ФОНД ПО КАТНОСТ
И КОНСТРУКЦИЈА, СООБРАЌАЈ
И НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО 1 : 1000
2. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
(ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
И ЕЛЕКТРО–ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈКЕТИ) 1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ 4/96, 27/97,18/99, 102/2000, 53/2001, 2/2002 и 50/2003).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 60 дена од донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за неговата реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

Бр.07–3446/4
од 15.09.2006 год.
С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Кире Бузлиев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба („Службен гласник на Општина Гази Баба„ бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на**
**Детален урбанистички план за локалитет**
**„Керамидница„, Урбан блок „1' „ -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за локалитет „Керамидница„, Урбан блок „1' „–Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.09.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

Број 08–3669/3
од 21.09.2006 год.
С К О П Ј Е

Градоначалник,
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Коце Трајановски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.51/05), Советот на Општината Гази Баба на Петнаесеттата седница одржана на 15.09.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Детален урбанистички план**
**за локалитет „Керамидница„,**
**Урбан блок „1' „ -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за локалитет 'Керамидница„, Урбан блок „1' „ –Скопје.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 26,80 ха со следните граници:

Од Север: – границата од и по осовината на железничкиот коридор Скопје –Куманово

Од Исток: – до осовината на кракот што се спојува со Булевар „АСНОМ„, оди кон Југо–исток по осовината на Булевар „АСНОМ„ до осовината со „Кеј Димитар Влахов„

Од Југ: – по осовината на коритото на реката Вардар, и оди на Југо–запад до оградата со Ф–ка „Комуна„, врти на север по оградата до осовината на сервисната улица „516„

Од Запад: –по осовината на сервисната улица „515„ и оди на север до осовината на петелката на Булевар „АСНОМ„ и оди по осовината до пресекот со надвозникот и осовината со пруга–та Скопје –Куманово

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со Т.бр.2080/02 изготвен од АД за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ЗУМ„ –Скопје, содржи:

– ПЛАНИРАН РАЗВОЈ
ВОВЕД

ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
1. ГРАНИЦИ НА УРБАНИОТ ОПФАТ
2. ИЗВОД ОД ГУП
3. ПОДЕЛБА И НУМЕРАЦИЈА НА УРБАНИ МОДУЛИ
4. НАМЕНА НА ПОВРШИНА
5. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
6. КОМУНАЛНА И ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА
7. ЕЛЕКТРО–ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА
8. ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
12. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
1. ИЗВОД ОД ГУП–СКОПЈЕ (2002.)
2. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ
ПАРЦЕЛАЦИЈА, НУМЕРАЦИЈА НА УРБАНИ МОДУЛИ
И ПАРЦЕЛИ, ПОВРШИНА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ
ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ, МАКСИМАЛНА ВИСИНА, НАМЕНА
НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА 1 : 1000
3. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН 1 : 1000
4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА 1 : 1000

– ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
1. МЕСТОПОЛОЖБА НА ЛОКАЛИТЕТОТ
2. ГРАНИЦА НА УРБАНИОТ ОПФАТ
3. ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ
4. АНАЛИЗА НА ПРОСТОРНАТА КОНЦЕПЦИЈА ПО УРБАНИ МОДУЛИ СО ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ
5. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
7. ЕЛЕКТРО–ЕНЕРГЕТИКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ
8. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА ЗА ЦЕЛИОТ ОПФАТ

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. ПАРЦЕЛАЦИЈА, НУМЕРАЦИЈА, ГРАДЕЖЕН ФОНД
ПО КАТНОСТ И КОНСТРУКЦИЈА, УЛИЧНА МРЕЖА
И НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО 1 : 1000
2. ИНФРАСТРУКТУРА
Хидротехничка инфраструктура и
Електро–енергетска 1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ 4/96, 27/97,18/99, 102/2000, 53/2001, 2/2002 и 50/2003).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 60 дена од донесување–то на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за неговата реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

Бр.07–3446/5
од 15.09.2006 год.
С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Кире Бузлиев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба („Службен гласник на Општина Гази Баба„ бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15.09.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

Број 08–3669/4
од 21.09.2006 год.
С К О П Ј Е

Градоначалник,
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Коце Трајановски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ„ бр.36/04) и точка 13 од Единствената метологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди („Службен весник на РМ„ бр.75/01), Советот на Општина Гази Баба на Петнаесеттата седница одржана на 15.09.2006 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи**

**Член 1**

Се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидмии, епизоотии, епифитотии и други несреќи на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

За членови на Комисијата се именуваат:
ПРЕТСЕДАТЕЛ:
МИРОСЛАВ МАРКОВСКИ –раководител на Сектор за урбанизам во Општина Гази Баба
ЗАМ.ПРЕТСЕДАТЕЛ:
ДУКЕ ТРАЈКОВСКИ – дипл.град.инг. во пензија

Членови:
Драган Николовски – овластен проценител на штети –А.Д.„Вардар„ –Скопје
Иван Медарски –дипл.град.инг. од Советот на Град Скопје
Миодраг Станојевиќ –советник во Општина Гази Баба
Петар Лазов –овластен проценител на штети А.Д.„Вардар„–Скопје
Душка Попова –овластен градежен инспектор во Општина Гази Баба
Марјан Крстевски –советник во Општина Гази Баба
Панче Локвенец –овластен проценител на штети А.Д.„Вардар„–Скопје
Миле Трајковски –дипл.електро инг.од Советот на Град Скопје
Аднан Ајрула –претседател на Месна заедница Страчинци

**Член 3**

Комисијата од член 2 на оваа Одлука е должна:

да изврши процена и утврдување на штетата согласно Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди, во зависност од тоа од каква непогода или друга несреќа е настаната штетата;

утврдување на висината на штетата да го започне веднаш по настанување на непогодата, а најдоцна 30 дена од престанокот на непогодата;

да изработи збирен извештај за проценетите штети на подрачјето на Општината и да го достави до Советот на Општината на разгледување;

Усвоениот извештај да го достави до Републичката комисија за процени на штети;

Да врши и други работи согласно Законот за заштита и спасување и другите законски прописи што ја уредуваат оваа проблематика.

**Член 4**

Составот на Комисијата може да се менува само со Одлука на Советот на Општината.

Мандатот на претседателот, заменик претседателот и членовите на Комисијата трае 4 години.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

Бр.07–3446/6
од 15.09.2006 год.
С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Кире Бузлиев, с.р.

Врз основа на член 50 точка 16 а во врска со член 82 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 32 од Правилата за работа на Урбаните и Месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба („Службен гласник на Општина Гази Баба„ бр.4/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**О Д Л У К А**
**За распишување на избори за членови на Советите на Урбаните и Месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба**

**Член 1**

Со оваа одлука се распишуваат избори за членови на Советите на Урбаните и Месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Изборите за членови на Советите на Урбаните и Месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ќе се спроведат во периодот од 10.10.2006 година до 30.10.2006 година.

**Член 3**

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на Советите на Урбаните и Месните заедници ќе ја спроведат Советите во стариот состав, согласно Правилата за работа на урбаните и Месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Граѓаните од соотведната Урбана и Месна заедница благовремено ќе бидат известени од Советите во стариот состав за денот, часот и местото на одржување на Собирот на граѓани.

Свикувањето на Собирот на граѓаните на Урбаната и Месната заедница треба да биде извршена на најпогоден начин, со цел да бидат информирани сите граѓани со право на глас, жители на соодветната Урбана односно месна заедница.

**Член 5**

Мандатот на членовите на Советот на Урбаната и Месната заедница трае 4 години.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во службен гласник на Општина Гази Баба.

Бр.08 – 3661/1
Од 20.09.2006 г.
СКОПЈЕ

Градоначалник
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Коце Трајановски, с.р.

Врз основа на член 52, став 5 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ„ , број 5/02) и член 32, став 5, од Статутот на Општината Гази Баба ( „Службен гласник на Општина Гази Баба„ број 2/06), градоначалникот на Општина Гази Баба, на ден 31.07.2006 година, го донесе следново

**РЕШЕНИЕ**

**за определување заменик на градоначалникот на Општината Гази Баба**

1. За заменик на градоначалникот на Општината Гази Баба се определува Тони Трајковски, член на советот на Општината Гази Баба, во периодот од 01. 08. 2006 година, до 15.08. 2006 година.

2. Заменикот на градоначалникот на Општина Гази Баба, од точката 1 (еден) на оваа решение, ќе ги извршува сите обврски и ќе ги има сите овластувања од надлежноста која ја има градоначалникот на Општината, со исклучок на потпишување на финансовата документација.

3. На Тони Трајковски, член на советот на Општината Гази Баба, ќе му мирува функцијата член на советот на Општина Гази Баба, за време додека го заменува градоначалникот.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гази Баба„

Број 08–3137/1
Од 31. 07. 2006 г.
Скопје

Градоначалник
на Општина Гази Баба
Коце Трајановски, с.р.

# СОДРЖИНА

1. ОДЛУКА за изменување и дополнување на
Буџетот на Општина Гази Баба – Скопје за 2006 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2

2. ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план
за локалитет „Керамидница„ Урбан блок „1„ –Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5

3. ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план
за локалитет „Керамидница„ Урбан блок „1' „ –Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .9

4. ОДЛУКА за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата
настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи . . . . . . . . .13

5. ОДЛУКА за распишување на избори за членови на Советите
на Урбаните и Месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .15

6. РЕШЕНИЕ за определување заменик на градоначалникот на Општината Гази Баба . . . . . . . . . 16

**Службен гласник на Општина Гази Баба**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски бб – Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 70 примероци